Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор „Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа „Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Градоначалникот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје донесе

П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-62/1 од 03.01.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-62/7 од 17.12.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-3637/3 од 01.07.2021 година, Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-1877/1 од 28.03.2022 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-2910/1 од 20.05.2022 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-1479 од 14.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-2643/6 од 14.07.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-3809/4 од 06.09.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-5460/1 од 11.12.2023 година.

Член 2

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **1.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**, во работното место со реден број 3 со шифра УПР0101Б03000, назив на работно место – Помошник раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот, делот Вид на образование се менува и гласи „ Високо образование".

Член 3

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **1.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**, во работното место со реден број 4 со шифра УПР0101Б04000, назив на работно место – Раководител на Одделение за координација на активностите на Градоначалникот, делот Вид на образование се менува и гласи „Високо образование".

Член 4

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **1.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**, во работното место со реден број 8 со шифра УПР0101Г01000, назив на работно место – Самостоен референт -технички секретар на Градоначалникот, делот Вид на образование се менува и гласи „ Вишо, Средно гимназиско образование или Средно стручно образование".

Член 5

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **1.СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**, во работното место со реден број 10 со шифра УПР0101В01000, назив на работно место – Советник за претставки и предлози од граѓаните и односи со јавност, делот Вид на образование се менува и гласи: Општествени науки-Медиуми и комуникации и делот работни задачи и обврски се менува и гласи:

- планира, координира и реализира активности поврзани со информирање на јавноста за работатана општината;
- одржува ефективна комуникација со медиумите, граѓаните и другите засегнати страни;
- креира и внесува содржини за социјалните медиуми;
- комуницира со медиумите согласно потребите на секторот;
- внесува новости кои тековно се случуваат во општината на веб страницата на општината;

Член 6

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **2.СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ**, во работното место со реден број 22 со шифра УПР0101В01000, назив на работно место – Советник за реалиција на седниците на Советот и проверка на материјали, делот Вид на образование се менува и гласи „Научно истражувачко подрачје: Општествени науки, Научно- истражувачко поле: Право".

Член 7

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **2. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ РАБОТИ** во работното место со реден број 32, со

шифра УПР0405А02000 назив на работно место –Координатор на достава-курир во делот Број на извршители: бројот 4 се заменува со бројот 3.

Член 8

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, после точка **3.СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**, по точка 3.3 Одделение за сметководство и плаќања по работното место со реден број 57 со шифра УПР 01 01 Г02 000, назив на работно место Виш референт- благајник, се додава нова точка која гласи: **3.4. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци.**

Член 9

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје,по точка 3.4. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци по работното место со реден број 57 со шифра УПР 01 01 Г02 000, назив на работно место Виш референт- благајник,се додава ново работно место кое гласи:

3.4 Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци	
Реден број	57-а
Шифра	УПР 01 01 Б04 000
Ниво	Б4
Звање	раководител на одделение
Назив на работно место	**Раководител на Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци**
Број на извршители	1
Одговара пред	раководител на сектор
Вид на образование	Научно истражувачко подрачје: Општествени науки Научно истражувачко подрачје: Економија и бизнис и Право
Други посебни услови	
Работни цели	Активно, ефективно и ефикасно раководење со одделението, организација, насочување и координација на работата на одделението во областа на подготовка, следење и реализација на работи поврзани со данокот, таксите и надоместоците.
Работни задачи и обврски	- ги распоредува работите и работните задачи во одделението, ги спроведува дадените насоки и дава упатства за извршување на работните задачи; -врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и работните задачи во одделението, врз основа на план за работа на одделението и се грижи за негова реализација; -се грижи за организација и ефикасно вршење на работите на утврдување и наплата на данокот, таксите

	и надоместоците кои се изворни приходи на општината; -се грижи за ажурно и ефикасно водење на електронската евиденција на недвижен и подвижен имот за навремено доставување на податоците до Централниот регистер на РСМ ,Агенцијата за катастар на недвижности и УЈП Скопје; -обезбедува навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи; -активно ја следи постапката по предметите од почетокот заклучно со постапката за наплата на изготвените решенија. -подготвува извештаи и информации за остварувањето на даноците, таксите и другите надоместоци и др.

Член 10

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје,по точка 3.4. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци по работното место со реден број 57-а со шифраУПР0101Б04000 , назив на работно местоРаководител на Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци,се додава ново работно место кое гласи:

3.4 Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци	
Реден број	57-б
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В1
Звање	советник
Назив на работно место	**Советник за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци**
Број на извршители	1
Одговара пред	раководител на одделение
Вид на образование	Научно истражувачко подрачје: Општествени науки Научно истражувачко подрачје: Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и работни задачи во насока на подобрување на наплатата на приходите на општината и подобрување на услугите кон странките по однос на даночното работење
Работни задачи и обврски	-континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на изворите на приходи за данок на имот;

	-врши пријавување, одјавување или промена на адресниот податок по поднесено барање, води регистер на недвижен имот на даночните обврзници -учествува при подготвување на податоците од електронската евиденција за невижности и подвижен имот што се доставува во Централниот регистер на РСМ,Агенцијата за катастар на недвижности и УЈП на РСМ; -врши стручна обработка на прашања што се од значање за примена на законските одредби; -изготвува акти поврзани со пресметката на даноците и таксите како и другите надоместоци; -дава мислење по предлог одлуки и други прописи, програми и други акти; -дава стручно појаснување и мислење за примена на законите и другите прописи и општи акти; користи и работи со електронскиот пристап на базата на податоци за даноци која ја води Град Скопје и др.

Член 12

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје,по точка 3.4. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци по работното место со реден број 57-в со шифра УПР0101В02000, назив на работно место **Виш соработник за постапка по данок на имот**,се додава ново работно место кое гласи:

3.4 Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци	
Реден број	57-г
Шифра	УПР 01 01 В03 000
Ниво	В3
Звање	соработник
Назив на работно место	**Соработник за стручни работи со данок на имот**
Број на извршители	1
Одговара пред	раководител на одделение
Вид на образование	Научно истражувачко подрачје: Општествени науки Научно истражувачко подрачје: Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Активно, ефективно и ефикасно спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, во насока на координација и следење предметите за утврдување на даноците како приходи на општината
Работни задачи и обврски	-континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на изворите на приходи за данок на имот; -врши пријавување, одјавување или промена на

	адресниот податок по поднесено барање; -учествува при подготвување на податоците од електронската евиденција за невижности и подвижен имот што се доставува во Централниот регистер на РСМ , Агенцијата за катастар на недвижности и УЈП на РСМ; -врши стручна обработка на прашања што се од значање за примена на законските одредби; -изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно аналитички матерјали; помага при подготвување на тарифа и одлуки за висина на комунални такси, наплата и ослободувања од комунални такси; -ажурира промени на комунални обврзници; -помага при подготвување на податоците од регистрите за недвижности и подвижен имот и др. -користи и работи со електронскиот пристап на базата на податоци за даноци која ја води Град Скопје и др.

Член 13

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје,по точка 3.4. Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци по работното место со реден број 57-г со шифра УПР0101В03000, назив на работно место Соработник за стручни работи со данок на имот,се додава ново работно место кое гласи

3.4 Одделение за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци	
Реден број	57-д
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г1
Звање	самостоен референт
Назив на работно место	**Самостоен референт за утврдување и наплата на данок, такси и надоместоци**
Број на извршители	1
Одговара пред	раководител на одделение
Видот на образование	Вишо, средно гимназиско образование или средно стручно образование
Други посебни услови	
Работни цели	Активно, ефективно и ефикасно навремено вршење на административно-технички работи и задачи под надзор на раководителот на одделението, во врска со ажурирање на податоците од електронската евиденција за данокот, таксите и надоместоците
Работни задачи и обврски	-континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на данокот на имот; - врши внес на решенијата во регистерот за данок на

	имот; -ги усогласува и ажурира податоците од електронската евиденција за данокот на имот, -ги следи уплатите на обврзниците, доставува извештај за ненаплатените побарувања за данокот на имот. -помага при евиденција за процентот на извршената наплата на приходите на општината; -дава техничка поддршка на раководителот и помошник раководителот на сектор и др.

Член 14

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **5.СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**, работното место со реден број 73 со шифра УПР0101В01000, назив на работно место – Советник за планирање на економскиот развој, се менува и гласи:

5.1. Одделение за планирање на локалниот економски развој и поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото	
Реден број	73
Шифра	УПР 01 01 В01 000
Ниво	В1
Звање	Советник
Назив на работно место	**Советник за унапредување на локалниот економски развој и туризмот во општината**
Број на извршители	1
Одговара пред	Раководител на Одделение
Вид на образование	Научно истражувачко подрачје: Општествени науки Научно истражувачко подрачје: Економија и бизнис
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно, ефективно, квалитетно извршување на работните задачи што придонесуваат за остварување на програмата за работа на институцијата и извршување задачи од делокругот на организационата единица во која е вработен, како и планирање одржлив економски развој врз основа на студиско и стручно проучување на состојбите во согласност со постојните законски и други прописи.
Работни задачи и обврски	-континуирано ги следи и применува законските прописи од областа на локалниот економски развој и претприемаштвото и туризмот; -изготвува анализи и информации и други материјали од надлежноста; -води пропишани регистри и база на податоци;

	-самостојно извршува најсложени стручно-административни, извршни, статистички, административно-надзорни, промотивно-информативни и други работи од административна природа; -ја следи економската состојба во Општината, подготвува анализи и информации; -иницира и предлага да се донесе план за локален економски развој како и план за развојот на туризмот во општината; - врши стручна обработка на прашања што се од значење со примена на законските одредби од економската област.

Член 15

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **6. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ** во работното место со реден број 86 со шифра УПР0101В01000 назив на работно место –Советник за урбанистичко планирање, во делот Број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 3.

Член 16

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **6. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ** во работното место со реден број 87 со шифра УПР0101В01000 назив на работно место –Советник - Геодет, во делот Број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 1.

Член 17

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **6. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ** во работното место со реден број 95 со шифра УПР0101В01000 назив на работно место –Советник за управно-правни работи, во делот Број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 1.

Член 18

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **7. СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** во работното место со реден број 107 со шифра УПР0101В01000 назив на работно место –Советник за планирање и проектирање при уредување на градежно земјиште, во делот Број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 1.

Член 19

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **9.СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ**, во работното место со реден број 154 со шифра УПР0101Г02000, назив на работно место – Виш референт-комунален редар, во делот Број на извршители: бројот 5 се заменува со бројот 4.

Член 20

Во Глава IV. Опис на работните места во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, во точка **9А.СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**, во работното место со реден број 154-д со шифра УПР0101В03000, назив на работно место – Соработник за примена на прописи, постапки и стандарди за човечки ресурси, во делот Број на извршители: бројот 2 се заменува со бројот 1.

Член 21

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

Член 22

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 09-1888/6
10.06.2025 година

Скопје

ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р Горан Герасимовски

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ